Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и 43 од Законот за енергетика енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1 бр.12-1324/1 од 27.07.2017 година на Друштвото за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје на седницата одржана на 04.09.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија и гас БИ БИ ЏИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.07-127/15 од 16.10.2015 година, изменета со Одлука УП1 бр.07-127/15 од 16.02.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.180/15 и 22/17), во точка 1 зборовите "Друштвото за трговија со електрична енергија и гас БИ БИ ЏИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса ул. Руѓер Бошковиќ бр. 13-2/24 Скопје - Карпош" се менуваат со зборовите "Друштвото за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса ул. Орце Николов бр. 146 Б – 4 Скопје". Во Прилог 1:
   1.1. точка 1 се менува и гласи:
   "Друштвото за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса ул. Орце Николов бр. 146 Б – 4 Скопје";
   1.2. во точка 5 евидентниот број се менува и гласи:
   „ЕЕ - 253.10.1/15, 2/17, 2/17 ";

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса ул. Орце Николов бр. 146 Б – 4 Скопје, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) (во понатамошниот текст: Правилник), на ден 27.07.2017 година достави Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за трговија со електрична енергија заради промена на називот на друштвото, сопственичката структура, промена на седиштето и промена на управителот.

Барателот има направено измени во називот на друштвото од "Друштво за трговија со електрична енергија и гас БИ БИ ЏИ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, во Друштво за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје. Исто така направена е промена на седиштето на друштвото од ул. Руѓер Бошковиќ бр. 13-2/24 Скопје - Карпош во ул. Орце Николов бр. 146 Б – 4 Скопје.

Извршена е промена во сопственичката структура која е евидентирана во решението од Централен регистер на Република Македонија бр. 35020170015530 од 14.07.2017 година, имено претходниот сопственик г-нот Емил Мерджанов е избришан а е впишано Друштвото за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје врз база на претходно потпишан договор за пренос на удели. Воедно е направена и промена во овластените лица за застапување на друштвото претходно бил управител г-нот Емил Мерджанов кој е избришан а е впишан г-нот Тони Митковски.

Регулаторната комисија за енергетика постапи согласно член 45 став 2 од Правилникот и изготви Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценцата УП1 бр. 07-127/15 од 16.08.2017 година во кој беше наведена потребната документација за постапката за менување на лиценцата како и за рокот за доставување на истата.

Барателот достави документација за менување на лиценца со допис УП1 бр. 07-127/15 од 22.08.2017 година, а истата ја дополни со допис УП1 бр.127/15 од 31.08.2017 година со што во целост постапи по Заклучокот.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 04.09.2017 година, одржа главна седница и донесе Одлука за менување на лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија, на Друштво за трговија со електрична енергија и гас УНИВЕРЗАЛ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 07-127/15**
**04.09.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**